Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 25.07.2024

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР до надлежното Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупцијата - Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворска полиција поднесе кривична пријава против А.Д., полициски службеник во Полициска одделение Теарце, Д.Д., полициски службеник во Полициско одделение Теарце и Ј.Б., полициски службеник во Полициската станица за гранични премин Јажинце при Регионалниот центар за гранични работи Север, поради постоење основи на сомнение дека стореле кривично дело „предизвикување на општа опасност" по член 288 став 1 од Кривичниот законик. Имено, првопријавеното А.Д. на 23.05.2022 и второпријавеното Д.Д. на 24.05.2022 во текот на работното време додека биле ангажирани во шуички предел кај место викано „Гиков Камен", без да бидат исполнети законските услови за употреба на огнено оружје, пукале со службена автоматска пушка, која ја задолжиле пред излегувањето на смена, во присуство на други полициски службеници кои заедно со нив биле работно ангажирани. Исто така, првопријавеното А.Д. на 29.04.2024 и третопријавеното Ј.Б. на 08.03.2024, во време кога не биле работно ангажирани, во шуички предел во место викано „Гиков Камен", во присуство на неколку лица, рафално пукале со автоматска пушка. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе поднесе Предлог за повеќедневна не постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против полициските службеник Ј.Б. и ќе изрече задолжителни мерки за отстранување од работното место до завршување на дисциплинската постапка. За полициските службеници А.Д. и Д.Д., поради изминување на роковите за водење на дисциплинска постапка, нема да биде поднесен предлог за повеќедневна не постапка за кршење на работниот ред и дисциплина.

На 24.07.2024 во 15.30 часот, полициски службеници од СВР Струмица – ОВР Гевгелија го лишиле од слобода Ј.Н.(48) од Гевгелија. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени стебла канабис и предмети со кои се сушела бела прашкаста материја. За настанот бил запознаен јавен обвинител и по документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.07.2024 во 16.15 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Н.Р.(23) од Битола. Тој се сомничи дека околу 15.30 часот влегол во дворот на С.Б.(74) од Битола и со употреба на сила и одамнување на слобода. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственичката, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.07.2024 во 23.50 часот во полициската станица на регионалот пат Тетово – Волковија, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.Л.(33) од Тетово, затоа што кај него биле пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.07.2024 во 21.20 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.К.(25) од с.Идризово, скопско, затоа што кај него биле пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.07.2024 во 23.50 часот на улица „Благоја Тоска" во Тетово, полициски службеници од Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово го лишиле од слобода О.Ф.(20) од Тетово, затоа што при негов и претрес во неговото патничкото возило „сеат ибица" со тетовски регистарски знаци, биле пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица за понатамошна постапка и против него ќе следува соодветен поднесок.

На 25.07.2024 во 01.10 часот во угостителски објект на улица „Илинденска" во Гостивар, полициски службеници од СВР Тетово го привеле Н.Л.(37) од Тетово, кој бил баран со потерница по издадена судска наредба за издржување на затворска казна. Тој е спроведен во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 24/25.07.2024, во периодот од 23.00 часот до 03.30 часот, полициски службеници од СВР Тетово - Полициско одделение Галате извршиле акциска контрола во угостителски објект во близина на автопатот Тетово-Гостивар, сопственост на Р.Б.(49) од Гостивар, а со цел пронаоѓање на странски државјани кои илегално престојуваат и работат на подрачјето и на лица кои се бараат по разни основи, присутно во угостителски објекти на налолетници по полнок, контрола на возила и сл. При контролата биле пронајдени сопственикот Р.Б. и Ф.Б.(48) од гостиварски Добрудол, кои биле барани по распишана потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна. При контролата, исто така, биле приведени 4 странски државјани од 23 до 49 годишна возраст од Албанија и Косово, кои непријавено престојуваат на подрачјето и го злоупотребиле туристичкиот престој. Во текот на контролата, во друг угостителски објект во Неготино, полошко, биле затекнати и приведени три државјани на Република Албанија на возраст од 31 до 33 години, кои немале регулиран престој на подрачјето. Тие се задржани во полициска станица за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (24.07.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 108 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола изречени се десет мерки за прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли, 15 мерки за непочитување на брзината на движење, три мерки за користење на мобилен телефон при возење...

На 24.07.2024 во 22.50 часот во Полициската станица Струга било приведено дека на крстосница од регионален со локален пат, помеѓу струшките села Боровец и Лабуништа, се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл, управуван од налолетник од с.Лабуништа и патничко возило „фолксваген пасат", управувано од Ф.Н.(53) од с.Лабуништа, двете со струшки регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот на мотоциклот и неговиот налолетен сопатник хоспитализирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Струга.

На 24.07.2024 во 21.30 часот во СВР Штип било приведено дека на магистралниот пат Штип–Кочани, во близина од крстосница од ул.„Брегалничка", се случила сообраќајна несреќа помеѓу лице „чепт" и лице „лопица", двата со штипски регистарски ознаки, управувани од двајца налолетници од Штип. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил налолетникот кој го управувал мопедот „чепт", а другиот налолетник се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

Денеска (25.07.2024) во 02.620 часот во с.Лозјане, литковско, полициски службеници од СВР Куманово го привеле О.Ч.(39) од Полска, со живеалиште во Жирер, Франција, илегален престој во државата, при што не поседувал ни документи за идентификација. Тој бил задржан во СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 24.07.2024 во 19.10 часот во Полициската станица Центар, К.С.(22) од Велес пријавил дека на ул.„Радьанска" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 24.07.2024 во 13.00 часот во Полициската станица Горче Петров, П.А.(85) од Скопје пријавил дека на ул.„Мечкин Камен" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 24.07.2024 во 14.25 часот во Велес, полициски службеници од Одсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Велес го лишиле од слобода А.Т.(24) од Велес. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба од Основен суд Велес, биле пронајдени и одземени марихуана, хашиш, семки од канабис, растение канабис сатива, дигитална вага и пари во различни валути и апоени. А.Т. бил задржан во полициска станица, известен бил јавен обвинител и против него е поднесена кривична пријава по член 215 од Кривичниот законик - „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори".

На 25.07.2024 во 05.15 часот на улица „Партизанска" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода С.Г.(44) од Охрид. При претрес кај него е пронајден лаптоп компјутер, кој е предмет на кривично дело „кражба", извршена претходно во сметствуван објект на улица „Цар Самоил" во Охрид. Компјутерот е одземен и предаден на сопственикот, а по целосно документирање на случајот против С.Г. ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Љ.Т.(43) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 22.07.2024 на улицата „Димитар Влахов" во Струга, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга извршиле претрес над приведеното лице, при што пронашле и одзеле хероин. Додека, при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени хероин, дигитална вага и други предмети со остатоци од хероин.

На 24.07.2024 во 12.30 часот во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода Д.Х.(47) од Кочани, затоа што во семејната куќа во Кочани физичкиот ја нападнал својата 41-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.К.(28) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда". На 15.05.2024 во Тетово, пријавеното физички ја нападнал неговата 21 - годишна сопруга и ѝ нанел повреди.

На 23.07.2024 во 11.50 часот во СВР Скопје, од приватна болница во Скопје било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Э.Н.(53) од Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредите додека извршувал работни задачи во фирма во с.Визбегово, скопско. За настанот бил известен трудов инспектор, а увид извршила екипа од СВР Скопје.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против К.Б.(39) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „потпомагање на правдата". На 07.05.2024, пријавениот од страна на службеното лице преку мобилна апликација испратил порака на полициски началник во СВР Охрид со која коментирал преземање на законски полициски мерки и истражни дејствија поврзани со кривично дело по член 149 од Кривичниот законик и член 190 став 2 од Изборниот законик.

Денеска (25.07.2024) во 00.10 часот во СВР Скопје Е.Н.(39) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека на 24.07.2024 околу 23.40 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил физички нападнат од А.К.(32) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.С.(18) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 30.10.2023 во с.Бребинца, тетовско, пријавениот, по претходна расправија, со тврд предмет го нападнал Х.С..

Денеска (25.07.2024) во 02.30 часот во СВР Скопје, А.П.(42) од Свети Николе пријавил дека околу 00.20 часот пред зграда на подрачјето на општина Аеродром, по претходна расправија за паркинг простор, бил физички нападнат од негов сосед. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.А.М., државјанин на Унгарија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 31.03.2024 на ул.„Борис Кидрич" во Тетово, пред претходни мегусебни недоразбирања, пријавениот со тврд предмет нападнал малолетник.

Денеска (25.07.2024) во 02.55 часот во СВР Скопје, А.Ц.(64) од с.Горна Матка, општина Сарај, пријавил дека на 24.07.2024 околу 16.30 часот во дворот од неговата куќа, по претходна расправија, бил физички нападнат од Ј.Р.(19) од истото село, кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против двајца малолетници од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 11.12.2023 во населба Дреновец во Тетово, пријавените со тврд предмет го нападнале А.И..

На 24.07.2024 во 13.30 часот во СВР Скопје, Ф.Н.(35) од Скопје пријавил дека околу 12.50 часот на работното место на паркинг простор на подрачјето на општина, по претходна расправија за наплата на паркинг услуга, едно лице му се закканило, а потоа со употреба на сила му одзело терминал за уред на наплатите за паркинг, сопственост на Паркиши на Општина Центар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Р.(32) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „разбојничка кражба" и „полово возненирување". На 19.07.2024 во продавник објект во Драчево во Скопје, пријавениот физички ја нападнал вработената и одзел производи, по што го напуштил местото. Набрзо се вратил без облека и ја повикал за да ги плати производите. Ведњаш по настанот тој бил фатен и лишен од слобода.

На 23.07.2024 во 10.20 часот во СВР Скопје, К.С.(43) од Скопје пријавил неговиот татко С.С.(75) паднал од кревот на семејната куќа на подрачјето на Чаир. Тој бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. На местото на настанот излегла екипа од СВР Скопје.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Б.А.(37) од Скопје, во моментот на издржување на казна затвор во Казнено - поправната установа Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 27.04.2023 пријавениот, преку телефонска комуникација и лажно претставување и прикажување на факти за фиктивна купопродажба, довел во заблуда сопственик на автомобил, со што го навел да стори штета на имотот на правното лице во вредност од 47.040 денари.

На 24.07.2024 во 13.00 часот во Полициската станица Аеродром, Ф.С.(43) од Скопје пријавил дека од домот каде престојувале се одделиле четири лица од Кантонската на возраст од 23 до 36 години, кои биле вработени во приватна фирма во Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.И.(49) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 27.02.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземен хероин.

На 24.07.2024 во 23.30 часот во Полициската станица Делчево, А.С.(43) од Делчево пријавила дека околу 21.00 часот, додека седела во угостителски објект на Ѓеновска пумпа со нејзините пријатели, нејзиното куче домашен миленик ја каснало малолетната керка на пријателите. Малолетничката била одведена за указување на лекарска помош, а сопственичката го предала кучето на ветеринарен лекар. Се работи на расчистувања на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против З.В.(43) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „шпионирање и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 10/11.07.2024 пријавениот неовластено набавил и употребил податоците од банкарска картичка на лице од Штип, по извршено 12 успешни трансакции, со кои се стекнал со противправна имотна корист со вкупен износ од 11.632 денари.

Денеска (25.07.2024) во Полициската станица Кочани, К.Ј.(64) пријавил дека во канал за наводнување во близина на с.Оризари, кочанско, ја пронашол удавена неговата мајка М.Ј.(89) од с.Оризари, за која ден-две претходно пријавил дека се одделила од домот. Телото на починатата било извлечено од екипа на Територијалната противпожарна единица Кочани, а лекар од Итна медицинска помош Кочани констатирал смрт без видливи траги на насилство. По наредба на Јавен обвинител телото на починатата било дадено за обдукција.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(20) и А.Р.(30), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со сигурноста" преку ставање на предмети во близина на железничка пруга. На 25.06.2024, пријавените физички го нападнале А.Ш.(19), а потоа пријавениот со нож му нанел повреда, додека второпријавениот, при обид да го напушти местото, со возилото удрил во неговиот брат Б.Ш. и во неговата мајка.

Денеска (25.07.2024) во 07.10 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, А.М.(55) од Скопје пријавил дека од домот се одделиле неговиот син А.М.(32) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Э.(75) од тетовско село, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во семејно насилство. На 19.05.2024, по претходна вербална расправија, пријавениот упатил закани со нож кон неговата снаа и ѝ нанел повреда.

На 24.07.2024 во СВР Битола, А.Б.(35) од Битола пријавил дека во близина на Офицерски дом во Битола бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Б.М.(20) од с.Двориште, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 24.06.2024 на ул.„Партизанска" во Берово со возилото не застанал на знак за запирање дадено од полициски службеници, а подоцна преку мобилна апликација се јавил на полициски службеник и му упатил закани.

На 24.07.2024 во ОВР Неготино, Д.Д.(37) од Демир Капија пријавил дека пред угостителски објект во Демир Капија бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.Ф.(45) од с.Пирок, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности" и „бесправно градење". Пријавениот, на парцели сопственост на РСМ, без да поседува документација, изградил државно земјиште и изградил објект.

На 24.07.2024 во 13.20 часот, М.К.(64) од Кичево во полициска станица пријавил дека на локален пат во кичевското село Козица бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Д.(44) од Пехчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда". На 14.07.2024 во семејниот дом во Пехчево, пријавениот физички ја нападнал неговата мајка.